**Д-р Зоран МАТЕВСКИ**

# АКТУЕЛНОСТА НА ВЕБЕРОВОТО СВАЌАЊЕ ЗА РЕЛИГИЈАТА

Веберовото сваќање за религијата и нејзината функција во обликувањето на различните општествени системи, зрачи со својата актуелност и после 80 години од неговата физичка смрт. Оваа актуелност најмногу се огледа во Веберовото сваќање на религиозната етика и политиката како занимање од една страна и во неговиот принцип на етичката неутралност на науката од друга страна, поаѓајќи од анализата на протестантската етика и нејзиното влијание врз развојот на модерниот економски систем. "... Историските носители на аскетскиот протестантизам главно се во четири вида: 1. калвинизам во оној вид кој тој ги попримил во западноевропските подрачја од своето владеење особено во текот на 17-от век; 2. пиетизам; 3. методизам; 4. сектите кои произлегле од анабаптистичкото движење..." "...И пред сé: за нас значајните појави на моралниот начин на живот се наоѓаат кај приврзаниците на најразновидните, на еден од четирите горе означени извори или на една комбинација од повеќе од нив, кои произлегуваат од деноминација на ист начин..."[1]

За нашата анализа од круцијално значење е гледиштето на Вебер дека во реалноста освен рационалното однесување постои и одреден вид на ирационално однесување на поединците. Карактеристичен пример за однесување кое во себе ги содржи горенаведените два типа е традиционалното однесување. Карактеристично е тоа што Вебер особено внимание му посветува на ирационалното однесување. За да ги објасни ирационалните елементи во општественото однесување, Макс Вебер во научните кругови ја воведува категоријата "идеален тип".

Тоа е еден аналитички модел, кој на Вебер му служи да прави научни анализи од најразличен тип. Фактички и "идеалниот тип" го покрива рационалното однесување, додека ирационалното однесување се сфаќа како отстапување од "идеалниот тип". Имено "идеалниот

---

[1] Max Weber, Protestantska etika i duh kapitalizma, izd."Veselin Masleša - Svjetlost", Sarajevo, 1989, str. 70 i 71.

тип" служи како методолошко средство за да се види колку една општествена појава се приближува или оддалечува од идеалната конструкција. Меѓутоа оваа таканаречена идеална конструкција не е ни од далеку плод на произволно шпекулирање, туку напротив е заснована на можностите и последиците на општествената реалност. Вебер преферира да каже дека во реалниот живот доминираат рационалните моменти. "Идеалниот тип" ги открива можностите на целисходното рационално однесување во општествената стварност. Со ова Вебер ја бара нишката на рационалното и целесообразното во човековото однесување. Само така, смета Вебер, во човековата историја може да се види и да се очекува она што е рационално и хумано. Со тоа се гледа дека "идеалниот тип" има антрополошки карактеристики.

Со ваква методолошка постапка, Вебер се обидува преку компарација на одредени конкретни, историски постоечки, културни појави со нивното идеално "мерило", да спознае дали и колку во тие појави има нешто општо што ги обединува. Освен тоа, со оваа постапка тој во дадените културни појави ги пронаоѓа и нивните поединечности и посебности, со кои ја испитува нивната идеално типска чистота. Она што е за нас најзначајно "идеалните типови" не се вредносни поими, ниту етички идеали, туку тие се аналитички модели со кои се анализира реалноста.

Но, за да дојдеме до срцевината на оваа актуелност ќе појдеме од размислувањето на Вебер за суштината на религијата. Тука тој е на позицијата на агностичката филозофија, која смета дека феномените кои се "работи сами по себе" едноставно невозможно е да се спознаат. Од тука јасно се гледа дека Вебер, религијата ја третира, пред сѐ како антрополошка карактеристика на човекот и како феномен кој што фактички постои и има своја функција во моделирањето на општествените системи, во кои што впрочем и егзистира.

На религијата која е систем на човековите претстави и емоции Вебер и "вдахнува" овдеземска содржина која е составена од практични (пред сѐ економски) дејствувања на човекот. Таа има функција, пред сѐ, да го оправда и осмисли човечкиот живот, без разлика дали се работи за личности кои им припаѓаат на одредени хендикепирани социјални слоеви во општеството или пак за лица кои им припаѓаат на елитните и водечките кругови. На првите, религијата им помага да ја оправдаат и осмислат својата социјална положба преку предестинацијата и доаѓањето на судниот ден во кој сиромашните по својот економски статус, а богати во духот и верата, ќе бидат избрани да живеат вечен живот. Заради тоа, според Вебер, основни извори на

религијата се страдањето и неправдата која таа успева да ги компензира со победата над смртта и воведувањето на институцијата "оноземски живот" како антипод на "овоземскиот живот".

Сепак она што Вебер го прави толку актуелен до ден-денешен, е неговата генерална идеја дека религијата пред сé е духовна и културна творба со одредени етички карактеристики, која ги мотивира луѓето да дејствуваат на овој или на оној начин. Оваа своја поставка на најдобар можен начин ја докажува со ставањето во корелација на религискиот фактор, од една страна и развојот на модерниот општествен систем, од друга страна. "...Светот е за тоа - и само за тоа - одреден: избраниот Христос е за тоа - и само за тоа - овде да служи за самовознесувањето на Господ Бог, од своја страна, со извршувањето на неговите заповеди да ја зголемува славата на Бог во светот. Но, Бог од христијаните бара социјално дејствување, бидејки тој бара социјалниот облик на живот да биде според неговите заповеди и така уреден да одговара на таа намена. Социјалната работа на калвинистите во светот е само работа "ин мајорем глоријам Деи" (за што поголема божја слава). Затоа, овој карактер ја носи и стручната работа која стои во служба на овоземскиот живот на сите луѓе..." "... Бидејки интересно е наменското обликување и уредување на овој космос, кој по откровението на Библијата, како и по природното увидување, очигледно е наместен за тоа, за да му биде од корист на човечкиот род и да овозможува да се види работата во службата на оваа безлична општествена корист како дело кое оди во прилог на божјата слава и кое е барано од Бога...."[2]

Влијанието на елементите на духовната култура (во кои спаѓа и религијата) врз развојот на индустријата во една општествена заедница е нешто за кое и ден-денес се говори. Преку своите систематски истражувања Макс Вебер докажал дека развојот на западноевропскиот облик на индустриска и воопшто земено општествена организација, меѓу другото е и плод на влијание на одредени идејни елементи.

Како претставник на културализмот Вебер ја развива идејата за влијанието на културните елементи врз општествениот развиток. Сето ова е илустрирано преку меѓусебната корелација на аскетскиот протестантизам на калвинистичката црква и современиот општествен поредок на тогашниот модерен капитализам од почетокот на 20-от век. За влијанието на калвиновото учење за предестинацијата врз духот на модерното општество, особено врз начинот на неговиот

---

[2] Max Weber, наведеното дело, стр.86 и 87.

економски развој, многу е зборувано и овде за докажување на таа основна поставка, нема многу да се задржуваме. Само ќе укажеме дека Вебер оваа своја своевидна хипотеза успеал на брилијантен начин да ја докаже преку статистичките податоци од една страна и преку временскиот редослед на нештата од друга страна.

Статистичките податоци недвосмислено покажале дека постои висок степен на корелација меѓу конфесионалната припадност и положбата на поединците во општествената структура.

Тоа докажува дека општествената положба на единката меѓу другото зависи и од неговата религиозна припадност. Тоа се огледа преку изборот на училиштето, работното место и целокупната поставеност на персоналните животни цели на поединецот. "...Во 1885 година од населението во Баден: 37,0% биле протестанти, 61,3% католици и 1,5% Евреи. Но, конфесионалноста на учениците на средните училишта, кои не мораат задолжително да се посетуваат, во 1885/91 изгледала вака:

| | Протестанти | Католици | Евреи |
|---|---|---|---|
| Гимназии | 43 % | 46 % | 9,5 % |
| Реални гимназии | 69 % | 31 % | 9 % |
| Реални виши школи | 52 % | 41 % | 7 % |
| Реални школи | 49 % | 40% | 11 % |
| Виши граѓански школи | 51 % | 37 % | 12 % |
| Просек | 48 % | 42 % | 10 % |

Потполно исти појави има и во Прусија, Баварија, Виртемберг, Елзас, и Лорена..."[3]

Во однос на временската димензија, Вебер недвосмислено докажал дека прво се појавила протестанската реформација на калвинистите а дури потоа духот на модерното индустриско општество.

За нас од особен интерес се Веберовите историско-компаративни истражувања на големите ориентални религии какви што се конфучијанството, таоизмот, хиндуизмот, будизмот и јудаизмот и нивно-

[3] Max Weber, наведеното дело, стр.9

то влијание врз индустрискиот развој на Ориентот на чело со Кина, на пример. Недвосмислени се доказите дека овие религии не ја развивале идејата дека единствено преку процесот на трудот и правилно извршените практични активности човекот ќе го исполни Божјиот план и ќе придонесе да биде избран од Бога за вечен живот. Ниедна од овие религии не се занимава со Божјата трансцедентност и со човековата дејност која е во служба на Бога. Освен тоа, некои од овие религии директно не го осудуваат хедонистичкото трошење на економските средства, што на пример е во директна спротивност со протестантската етика. Заради тоа Кина и другите земји на Ориентот не создале позитивен однос кон материјалното богатство, креативноста во иницијативите на економски план, технолошкиот развој итн. Тоа резултира со низок степен на индустриски и воопшто општествен развој на овие земји и покрај сите предиспозиции што ги имаат истите, и во однос на природните ресурси и во однос на работната сила.

Во таа смисла многу интересно би било да се направи компарација меѓу протестантската етика и етиката на православието во однос на нивното влијание врз економскиот развој на општествените системи во кои овие религиски концепции егзистираат. На овој план во своите истражувања Макс Вебер ја покажал недвосмислената предност на калвинистичката етика во однос на етиката од католицизмот и јудаизмот во првата половина на 20-от век. Таа може да не доведе и до една аналогија: протестантска етика - православна етика, што може но, не мора да значи. Во секој случај оставен е широк простор на модерните социолози за истражување на овој план.

Во рамките на содејството на овие два феномена како најзначаен дел од секое религиозно видување и објаснување на нештата, доаѓаме до она што зрачи со најголема актуелност во мислите и делата на Вебер. Тоа е неговото своевидно објаснување на односот помеѓу етиката и политиката.

Во таа смисла интересно е да се види дали етиката и политиката меѓусебно се исклучуваат и дали на политиката можат да и се поставаат етички барања, без разлика на тоа што истата располага со средства на моќ, што ја предиспозицира да биде сурова и безкруполозна. Макс Вебер смета дека етиката и политиката не се исклучуваат меѓусебно што е доста интересно гледање на работите. Тоа значи дека сите оние што се занимаваат со политика треба да поседуваат извесна доза на етика која во основа е поврзана со религијата. Двата вида на етика што ги разликува Вебер, актуелни се и денес во рамките на практицирањето на политиката и другите практични активности

на човекот. Првата ја сочинува апсолутната етика на Евангелијата, а втората етиката на одговорност. Првата е апсолутно барање без разлика на последиците, а втората секогаш мора да смета на последиците од дејствувањето на поединците. Етиката на одговорност во областа на политиката се судира со моќта и опасните средства за нејзина реализација. Клучниот етички проблем во политиката се состои во тоа до која мера може добрата цел да ги оправда лошите средства.

Ако ова прашање го отворите пред некои црковни великодостојници од христијанска вероисповест, тие имаат обичај да ви кажат дека не мора од доброто да произлезе добро, или од злото зло, туку често може да се случи и спротивното. На пример, протестантската етика го оправдува политичкото насилство, со самото тоа што ја смета државата како Божја творба. Од тука, проблемот на политичката етика не е само проблем на атеизмот, како што многу други мислат, туку напротив очигледно е проблем со кој се занимаваат одредени религии, особено оние кои му припаѓаат на христијанството.

Што се однесува до науката, Вебер смета дека таа треба да биде етички неутрална. Освен тоа, нејзиното влијание врз менувањето на вредносните ставови кај припадниците на одредена религија е слабо. Науката не мора да биде одлучувачки фактор врз дејствувањето, волјата и емоциите на луѓето. Науката во секој случај не е проповед на пророците, ниту пак филозофско размислување за смислата на човековиот живот. Таа е организирана активност која служи пред сѐ за осознавање на суштинските односи меѓу фактите. Затоа општествените науки според Вебер не треба да завземаат вредносни ставови.

Сепак проблематичен е ставот за чистата етичка неутралност на науката од причина што и самиот научник е човек со свои етички принципи и сопствени определби од кои тешко може да се ослободи. Освен тоа секогаш лебди опасноста од идеологизирање на општествените науки со што почнува да се манипулира со нив како вредносно неутрални, што во основа не се. Сето ова остава простор за актуелизирање и проблематизирање на ставовите на Вебер за можноста и крајните граници на етичката неутралност на општествените науки.

На крајот да заклучиме дека Вебер во своите истражувања во областа на религијата издвоил два значајни фактори и го испитувал нивниот однос. Утврдил несомнено дека постои корелација меѓу религиските идеи и економските фактори. "... Еден од конститутивните составни делови на модерниот капиталистички дух, и не само на него, туку и на модерната култура: рационалниот начин на живот врз основа

на идејата на занимањето - што всушност беше и целта на овие излагања е роден од духот на христијанската аскеза..." "...Дека ограниченоста кон стручната работа, со одрекување на фаустовската сестраност на хуманитетот, кој таа го условува во денешниот свет, воопшто е претпоставката на драгоценото дејствување, дека, "делото" и "одрекувањето" денес меѓусебно се условуваат: овој основен аскетски мотив на граѓанскиот животен стил - ако тој всушност сака да биде стил, а не немање на стил - сакал да ни го покаже и Гете на врвот на својата животна мудрост, во својот "Wanderjahren" и во животниот крај кој тој го дал на својот Фауст. За него ова сознание значело разделба, полна со одрекување, во едно време со полн и убав хуманитет, кој во текот на нашиот културен развој нема да се повтори, како ни времето на големиот процвет на Атина во стариот век. Пуританецот сакал да биде човек на професијата, - ние мораме тоа да бидеме. Бидејки додека аскезата од манастирските келии била пренесувана во професионалниот живот и почнала да владее со внатрешносветовниот морал, таа, од своја страна, помагала да се изгради оној моќен космос на стопанскиот поредок врзан за техничките и економските претпоставки на механичко - машинското производство, кој денес е животен стил на сите поединци кои се раѓаат во овој механизам - не само на оние директно економски активни - со незапирлива сила ги одредува и можеби ќе ги определува се додека и последниот цент на фосилното гориво не згасне..."[4] Тие се наоѓаат во еден комплексен однос на меѓусебно влијание, и своевиден детерминистички спој. Секако дека постојат и многу други идејни фактори, од една страна и безброј други значајни економски фактори од друга страна кои, влијаат едни на други и кои би можеле да бидат во одреден сооднос и корелација. Тоа и останува на современата социологија да го истражи. Во овој правец Вебер го дал патоказот со елаборирањето на односот меѓу аскетскиот протестантски рационализам и техничкиот и економскиот напредок во времето на формирањето на модерниот капитализам во тоа време.

Суштината на Веберовата теза за влијанието на одредени религиски сваќања врз развитокот на модерниот начин на производство не е во тоа да се свати религијата како основна причина за развој и менување на сите општествени појави, туку само да покаже дека одредени духовни интереси можат да бидат без малку исто толку значајни и силни, како и материјалните интереси кои ги придвижуваат мотивите на човековото дејствување. "... Бидејки, иако модерниот

[4] Max Weber, нав. дело, стр. 189 и 190.

човек воопшто, дури ни при најдобра волја, обично не е во состојба значењето кое религиозните содржини на свеста го имале за начинот на животот (културата и народните карактери), да го претстави во онаа големина каков навистина бил - сепак ние немаме намера на местото на едностраното "материјалистичко", да ставиме едно исто така едностранo спиритуалистичко каузално толкување на културата и науката. И двете толкувања се подеднакво можни, но тие, ако полагаат право на тоа дека се крај, а не предработа, испитувањата подеднакво малку и служат на историската вистина..."[5]

Вебер е пред сѐ голем, по тоа што е критичен и кон резултатите на сопственото истражување и е најголем противник на догматскиот пристап во науката. И што е најважно, како епистемолог од светски глас, тој е свесен дека научните достигнувања за културните и воопшто општествените појави треба да се сватат како хипотетички така и фрагментарно.

---

[5] Max Weber, цит. дело, стр.192 и 193.